УЖ.бр.1281/2013

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Лидија Георгиевска - Претседател на советот, Загорка Тноковска и Мирјана Василевска - членови на советот, со записничар Верица Гавровска - Петровска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Здружение на граѓани АВТО-МОТО СОЈУЗ-Скопје, преку полномошник Даниела Михајловска, адвокат од Скопје против Решението на Управниот суд У-5.бр.1052/2011 од 01.03.2013 година, за заштита на конкуренцијата, на седницата на советот одржана на ден 30.01.2014 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Здружение на граѓани АВТО-МОТО СОЈУЗ - Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението на Управниот суд У-5.бр.1052/2011 од 01.03.2013 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Решение У-5.бр.1052/2011 од 01.03.2013 година ја отфрлил како ненавремена тужбата на тужителот Здружение на граѓани АВТО-МОТО СОЈУЗ-Скопје, поднесена против Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-158/5 од 12.09.2011 година.

Против Решението на Управниот суд, во законски предвидениот рок, жалба изјави тужителот поради сторени суштествени повреди на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи, побиваното решение да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување пред Управниот суд.

Одговор на жалба е поднесен од тужениот орган, со предлог истата да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд, испитувајќи го побиваното решение, ценејќи ги наводите во жалбата, во смисла на член 371 во врска со член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Имено, од доставницата за извршена достава на оспореното решение бр.08-158/5 од 12.09.2011 година на Комисијата за заштита на конкуренцијата, видно е дека уредно е примено на ден 12.09.2011 година. Тужбата е поднесена до Управниот суд на ден 13.10.2011 година, со препорачана пратка RR054364644MK.

Вишиот управен суд цени дека решението на Управниот суд е законито.

Согласно член 20 став 1 точка 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/06 и 150/10),тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

Согласно член 26 став 1 точка 1 од Законот, судот со решение ќе ја отфрли тужбата ако утврди дека тужбата е поднесена ненавремено или пред време.

Со оглед на тоа што оспореното решение е примено на ден 12.09.2011 година, а тужбата е поднесена на ден 13.10.2011 година, Вишиот управен суд најде дека Управниот суд правилно утврдил дека тужбата е поднесена по истекот на законскиот рок од 30 дена за нејзино поднесување, односно дека рокот истекол на ден 12.10.2011 година - среда, поради што истата ја отфрлил како ненавремена.

Вишиот управен суд ги ценеше жалбените наводи дека поднесената тужба е навремена, но најде дека се неосновани, што е неспорно од приложената доставница за прием на оспореното решение и приемниот печат на Управниот суд за прием на тужбата.

Од овие причини, Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението согласно 370 став 1 точка 2 од Законот за парничната постапка во врска со член 7-а од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 30.01.2014 година под УЖ.бр.1281/2013.

Записничар - судски соработник<br>Верица Гавровска-Петровска с.р.

Претседател на совет - Судија<br>Лидија Георгиевска с.р.

/ЛС

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува<br>УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА